НАЈДОБРАТА КИНЕСКА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА



Македоника
литера

www.makedonikalitera.mk



Донг Хонгјоу
БОЖЈИОТ ФЕНЕР НА МОРЕТО

Донг Хонгјоу пишува со вдахновен и лирски стил, што е посебно забележливо во оваа негова книга, за која самиот го направил изборот на своите дела. За овој избор вели дека содржи постари негови дела, од времето кога писателите на неговата генерација пишувале во ера во којашто заработувањето пари не било приоритет; биле слободни да пишуваат и да ги откриваат своите сопствени личности и стилови.

Во овој избор своите избрани раскази ги поделил во три целини (циклуси) со наслов: „Кинески детски соништа", „Тивкото езерско крајбрежје" и „Голема љубов".



Ќин Венгун

БРАТУЧЕД МИ ДОАЃА

Изборот „Братучед ми доаѓа" содржи 12 раскази, првенствено наменети за повозрасни деца (тинејџерска возраст). Заедничко за сите нив е што во нив се третирани меѓучовечките односи, како меѓу младите ликови (децата), така и односите меѓу децата и возрасните. Ова екнига подеднакво интересна и за младите и за возрасните читатели.



Џанг Гие
ЛЕТОТО НА ПОЕР

Џанг Ѓие во „Летото на Поер" пишува за девојките, за сите нови, познати и непознати и магични нешта кои се јавуваат во пубертетот и потоа. Пишува отворено на реални теми и затоа нејзините раскази се многу читани.

Во својот предговор на оваа книга таа пишува: „Бистрите очи на момите лебдат пред мојот поглед, а нивната прекрасна коса, срамежливост и искреност кружат и уште еднаш ми го свртуваат умот.



Гао Хонгбо
ПЕРСИСКИОТ МАЧОР ПЕК

Во „Персискиот мачор Пек" се објавени осумдесетина куси раскази, бајки и басни.

Во својот предговор на книгата авторот Гао Хонгбо пишува:


„Литературата за деца му припаѓа на целото човештво и на светот... Вистината, добрината, убавината, детската невиност, детските широки интереси, детската едноставност, среќата, радоста, возвишената имагинација, вклучувајќи ја и детската литература, се духовни витамини што ги крепат сите народи... Благословот на литературата за деца е благослов на иднината на еден народ."



Ге Бинг

МАГИЧНИОТ ПАПАГАЛ

Магичниот папагал содржи содржи 16 бајки. Бајките имаат необични, носталгични, дури и тажни приказни. Во пишувањето на бајките авторот го користи пристапот на пишување романи, давајќи и заплет на приказната и ја нагласуваа читливоста, како на пример прекрасно опкружување, чудни и сложени дејства, додавање драма за одржување и збогатување на имагинацијата, како и изразеното користење духовит јазик.



Лиу Сианпинг
МАЛИОТ НОЈ ВИТЕЗ

Авторот на „Малиот ној витез", Лиу Сианпинг, во своето творештво е многу преокупиран со природата. За тоа тој пишува: „Природата е мајка што го храни целото човештво и исто така, извор на знаење. Сакам да ги водам децата во таа насока, преку литература каде што тема е природата, и да направам да чувствуваат благодарност кон природата, да го сакаат животот, да стекнуваат знаења и да развијат норма на однесување неопходна за хармонизација со природата, односно еколошка етика."



Сун Јоуѓун

ЛЕГЕНДА ЗА МЕЧЕТО ПАНДА

Авторот на Легенда за мечето панда, Сун Јоуѓун (1933 - 2015), бил првиот Кинез номиниран за наградата „Ханс Кристијан Андерсен". Тој е еден до најтиражните кинески писатели за деца. Уште со својата прва книга достигнал милионски тираж. Тој е еден од предводниците во кинеската литература за деца кои ја воведуваат современата бајка за деца, во која, освен поучноста, е вклучена и магичноста со прекрасни заплети.

Во „Легенда за мечето Панда" се вклучени 19 негови бајки.



Џанг Ќиушенг

ПРИКАЗНИ ГОЛЕМИ КОЛКУ ДЛАНКА

Во „Приказни големи колку дланка" на Џанг Ќуишенг се објавени околу осумдесет куси раскази, бајки и басни, поделени во неколку тематски целини.

Во предговорот на оваа книга тој пишува:

„Моето срце е исполнето со приказни... Откако пишував песни за деца повеќе од дваесет години, одеднаш добив идеја: 'Би можел ли да напишам посебни дела со карактеристики на песните, есеите и приказните што ги сакам?' Така, решив да се обидам и резултатот се 'приказните големи колку дланка'. За среќа, овој посебен вид дела, кои се куси, поетични, емотивни и конотативни, набргу ги добија симпатиите на најмалите читатели..."



Ѓин Бо
МИРИСЛИВАТА ПТИЦА

Книгата содржи шеесетина бајки, групирани во четири циклуси.

Во предговорот, за бајките авторот Ѓин Бо пишува:

„...Каде што има деца, секогаш има извор и светлина, сончевото небо секогаш ги оживува нашите срца. Во лицето на овој шарен свет, со еден пар љубопитни очи, ние откриваме, размислуваме и се изразуваме како деца и уживаме во потрагата по невиност и нечии соништа. Со пишувањето за деца, можеме да ја почувствуваме топлината којашто е најблиску до природата на душата."



Танг Сулан

ТАЈНАТА НА СЛАТКИТЕ ЈАГОДИ

Книгата на реномираната кинеска писателка Танг Сулан содржи избор од пет подолги современи волшебни приказни: „Златниот Мечок и Пролет", „Коњот што живееше на врвот на облакодер", „Тајната на слатките јагоди", Кројачницата на бубамарата" и „Куќата од тиква", како и 19 раскази од циклусот „Чудесната градина", посветени на природата и на животинскиот свет.



Шоу Жуи

ПРИКАЗНИТЕ НА ФАНГ ГУОSИ

„Приказните на Фанг Гуоsи" на Шоу Жуи (1953) содржи 14 раскази, кои се поврзани со ист лик и претставуваат своевидна целина. Во оваа книга тој пред публиката распостила еден интересен свет исполнет со детска забава и живост и хумор.

За себе во предговорот на книгата Шоу Жуи пишува: „Кога бев дете, никогаш не помислував да станам писател, сакав да станам сликар, актер во Пекиншката опера или пингпонгар. Сепак, откако се заинтересирав за пишување, сфатив дека сите различни интереси во годините пред тоа, всушност, придонесоа за пишувањето."



Џанг Џилу

ВКУСОТ НА СОНЦЕТО

Книгата содржи девет раскази, првенствено наменети за тинејџерска возраст, а некои од нив се вклучени и како лектира во образованието во Кина.

Авторот Џанг Џилу пишува бајки, новели и научнофантастични приказни и е меѓу најнаградуваните кинески писатели за деца. Има напишано многу сценарија за драми и филмови за деца, односно најмногу од кој било друг писател во Кина.

Според неговите дела се снимени многу филмови.



Џанг Хаиди

ЖИВОТОТ Е ЖИВОТ

Книгата "Животот е живот" е збирка од 30 раскази за деца. Во Кина досега имала седум изданија.

Во предговорот авторката вели: „Оваа книга е зелениот лист на мојот живот. Досега имаше седум изданија. Многу пријатели ми пишуваат за да ми кажат дека многу им се допаѓа оваа книга, што мене ме исполнува со огромна среќа. Но, понекогаш се чувствувам вознемирена затоа што оваа книга е завршена во различни времиња. Мојата физичка болка, пак, ми ги блокира мислите така што, понекогаш, имам нејасни периоди кога не можам да продолжам да пишувам. Мојата надеж ме охрабруваше да дадам сè од себе за да пишувам."